- Сектор за правни работи -

Друштво за производство, трговија и услуги
АРЦ ЛТД ДОО
Бр 0307 - 268 - 23
30. 01. 2023 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-1525/1
Датум: 26 -01- 2023

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки -
мултифункциски апарати и принтери

Склучен помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул. Даме Груев бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2.ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ АРЦ ЛТД ДОО Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓорѓов бр.29-1/2А Скопје - Центар, претставувано од Алекандар Соколов, управител во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка, испорака и монтажа на мултифункциски апарати, принтери и скенери, а по спроведената поедноставена отворена постапка по оглас бр.19194/2022.

Составен дел на договорот е понудата на носителот на набавката, прифатена од договорниот орган.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Единечните цени се следните:

-Единечната цена за мултифункциски печатар А3 формат во боја од марката Xerox C8155, изнесува 321.160,00 денари, односно за количина од 2 (две) парчиња изнесува 642.320,00 денари.

-Единечната цена за мултифункциски печатар А3 формат црно-бел од марката Xerox B8155, изнесува 249.240,00 денари, односно за количина од 2 (две) парчиња изнесува 498.480,00 денари.

-Единечната цена за печатар А4 формати од марката Xerox B230, изнесува 17.980,00 денари, односно за количина од 10 (десет) парчиња изнесува 179.800,00 денари.

-Единечната цена за скенер во боја од марката Epson WorkForce DS-530II изнесува 27.900,00 денари, односно за количина од 5 (пет) парчиња изнесува 139.500,00 денари.

Вкупната вредност на договорот изнесува 1.460.100,00 денари без вклучен ДДВ.

Вкупната вредност на договорот изнесува 1.533.105,00 денари со вклучен ДДВ.

## III. РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

Член 3

Единечните цени и вкупната вредност од член 2 на овој договор за предметот на договорот се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

## IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Договорниот орган ќе врши плаќање врз основа на испорачана фактура од страна на носителот на набавката во рок до 30 (триесет) денови сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на Министерството кон која треба да биде доставена испратница/работен налог потпишан од двете договорни страни.

Кон фактурата носителот на набавката задолжително доставува работен налог во спротивно фактурата нема да биде платена и ќе биде вратена на докомплетирање кај носителот на набавката.

Фактурата се доставува по пошта или лично во писарницата на Министерството за финансии, на ул.„Даме Груев“ бр.12 во Скопје.

## V. РОК НА ИСПОРАКА

Член 5

Рокот на достава, испорака и монтажа на опремата изнесува максимум 30 денови по прием на писмена порачка од договорниот орган.

За извршената достава, испорака, и монтажа на опремата двете договорни страни потпишуваат испратница/работен налог.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката се обврзува дека опремата - предмет на овој договор е фабрички нова, во потполно функционална состојба и според техничките карактеристики дадени во понудата.

Носителот на набавката е должен да ја инсталира опремата во просториите на договорниот орган согласно со рокот даден во член 5 на овој договор.

Носителот на набавката се обврзува заедно со опремата да достави и упатство за ракување на македонски јазик.

Член 7

Носителот на набавката е должен да ја одржува опремата за време на гарантниот период кој е даден во понудата за секој апарат одделно.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот рок да врши бесплатна редовна проверка (контрола) на опремата еднаш месечно и да се јави на повик во случај на дефект.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот период да врши поправка или замена на резервните делови без надоместок.

Носителот на набавката се обврзува за секоја редовна контрола, редовен сервис и интервенција по повик да издаде работен налог во кој ќе биде наведена видот на интервенцијата, бројот на копии, датум на интервенцијата, име и презиме на сервисерот и работникот кој бил присутен за време на сервисирањето и нивни потписи.

Член 8

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантен рок:

- поправката на машината ќе ја вршат исклучиво обучени лица;
- поправката на машината ќе ја врши во просториите на договорниот орган, а само во исклучителни случаи кога поправката не е можно да се изврши на самото место, по претходна согласност на договорниот орган, да го земе апаратот со цел поправката да ја изврши во сервисот;
- ќе обезбеди друг апарат со исти или слични спецификации за замена на расипаниот апарат доколку не биде поправен во рок од 48 часа;
- ќе дава телефонска поддршка во работно време;
- одзивот на повик за дефект нема да биде подолг од 4 часа.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 9

Договорниот орган се обврзува да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализацијата на договорот.

Договорниот орган се обврзува дека опремата ќе ја користи според техничките норми и упатства на производителот на опремата.

Договорниот орган се обврзува дека за време на гарантниот период за редовно одржување на опремата и евентуални поправки исклучиво ќе се обраќа кај сервисот на носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува да му плати на носителот на набавката за испорачаната опрема, согласно со член 4 од овој договор.

- Сектор за правни работи -

## VIII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосно реализирање на договорот.

Со банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Недоставување на банкарската гаранција претставува основ за раскинување на овој договор.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од договорот.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја испорача стоката, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремена испорака, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

## IX.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Договорот важи за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на потпишување на двете договорни страни, или до негово целосно вредносно исполнување.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на двете договорни страни.

Член 13

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 14

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

Член 15

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од Договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатувањето

на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 16

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Страната која бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

## XI. ВИША СИЛА

Член 17

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради настанување на виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 18

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот, согласно со Законот за јавните набавки.

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и другите позитивни законски прописи.

### Член 19

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

### Член 20

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 21

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

Договорен орган:
Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Скопје

Dr. Fatmir Besimi
Министер за финансии

Носител на набавката:
Друштво за производство, трговија и услуги
АРЦ ЛТД ДОО
Скопје

Александар Соколов
Управител

Изработил: Рената Николоска
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст

Врз основа на огласот број 19194/2022 објавен од страна на Министервото за финансии, за набавка на мултифункциски апарати и принтери со спроведување на поедноставена отворена постапка и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>

I.1. Име на понудувачот: АРЦ ЛТД ДОО Скопје
I.2. Контакт информации
- Адреса: ВАСИЛ ЃОРГОВ 29/1-2А
- Телефон: 02/609 26 21
- Факс: /
- Е-пошта: contact@arc.mk
- Лице за контакт: Катерина Димоска

I.3. Одговорно лице: Александар Соколов
I.4. Даночен број: 4080019582360
I.5. Матичен број: 7355653

Дел II – Техничка понуда

II.1. Нашата понудена опрема во целост ги содржи минималните спецификации предвидени во тендерската документација и тоа:

## 1.1. Мултифункциски печатар А3 формат во Боја – количина 2

| **Понуден Мултифункциски печатар А3 формат во Боја (марка, тип, модел)** | Xerox C8155 | |
|---|---|---|
| | **Барана минимална спецификација** | **Понудена спецификација** |
| **Брзина на печатење** | Минимум 55 страни во минута (црно-бело и во боја) | Up to 55/55 ppm |
| **Брзина на скенирање** | Минимум 82 страни во минута еднострано во боја и црно-бело<br>Минимум 141 страни во минута двострано во боја и црно-бело | Up to 82 ppm simplex/141 ipm duplex (200 dpi). |
| **Месечно печатење (Duty Cycle)** | Минимум 300000 страни | Up to 300,000 pages |
| **Функции** | МФП (Принтер, Копир, Скенер) | Color Multifunction Printer (print, copy, scan) |
| **Формат на Хартија** | Минимум А3 | А3 |
| **Процесор** | Минимум 4 јадра, 1.9Ghz брзина | INTEL ATOM® Quad Core, 1.9GHz |
| **Меморија** | Минимум 4GB меморија | 4 GB system memory |

| | | |
|---|---|---|
| **Екран** | Минимум вграден 10 инчен екран во боја на допир | Intuitive Tablet-like 10.1-inch Color Touchscreen |
| **Хард диск** | Минимум 128GB SSD | 128 GB SSD |
| **Поврзување** | Минимум 1x USB, 1x Gigabit Network | 10/100/1000Base-T Ethernet, High-Speed USB 2.0 direct print, NFC; |
| **Време на печатење на прв лист** | Максимум 4.5 секунди во боја / 3.2 секунди црно-бело | 4.50 seconds color/3.20 seconds black-and-white |
| **Време на копирање на прв лист** | Максимум 4.7 секунди во боја / 3.7 секунди црно-бело | 4.70 seconds color/3.70 seconds black-and-white |
| **Резолуција на печатење** | Минимум 1200x2400 dpi | Print Resolution: Up to 1200 x 2400 dpi |
| **Резолуција на копирање** | Минимум 600 x 600 dpi | Copy Resolution: Up to 600 x 600 dpi |
| **Подржани јазици за принтање** | Минимум Adobe PostScript, Adobe PDF, PCL 5c/PCL 6 | Adobe® PostScript® 3™, Adobe® PDF, PCL® 5c/PCL® 6 |
| **Фиоки на хартија** | - Минимум 2x фиоки со капацитет од мининмум 520 листови<br>- Минимум 1x тандем фиока со капацитет од минимум 2000 листови<br>- Минимум 1x bypass фиока со капацитет од 100 листови | Tray 1: 520 sheets;<br>Tray 2: 520 sheets;<br>High Capacity Tandem Tray Module: 2,000 sheets<br>Bypass Tray: 100 sheets |
| **Двострано печатење, копирање и скенирање** | Автоматско | Automatic |
| **Автоматски додавач на хартија** | Да, минимум 130 листа | 130-sheet capacity |
| **Двострано скенирање (DADF)** | Да | ДА |
| **Подвижно постоље со тркалца** | Да | ДА |
| **Тонер** | Со секој принтер, покрај стартните тонери да се испорачаат и два дополнителни сета оригинални OEM тонери со минимален капацитет од 59000 страни за црната боја и минимум 28000 страни за секоја од останатите бои | ДА |
| **Гаранција** | Минимум 1 година | 1 година |

## 1.2. Мултифункциски печатар А3 формат црно-бел – количина 2

| | | |
|---|---|---|
| **Понуден Мултифункциски печатар А3 формат црно-бел (марка, тип, модел)** | Xerox B8155 | |
| | **Барана минимална спецификација** | **Понудена спецификација** |
| **Брзина на печатење** | Минимум 55 страни во минута | Up to 55 ppm |
| **Брзина на скенирање** | Минимум 82 страни во минута еднострано<br>Минимум 141 страни во минута двострано | Up to 82 ppm simplex/141 ipm duplex (200 dpi). |
| **Месечно печатење (Duty Cycle)** | Минимум 300000 страни | Up to 300,000 pages |
| **Функции** | МФП (Принтер, Копир, Скенер) | Multifunction Printer (copy, print, scan) |
| **Формат на Хартија** | Минимум A3 | A3 |
| **Процесор** | Минимум 4 јадра, 1.9Ghz брзина | INTEL ATOM Quad Core, 1.9GHz |
| **Меморија** | Минимум 4GB меморија | 4 GB system memory |
| **Екран** | Минимум вграден 10 инчен екран во боја на допир | Intuitive Tablet-like 10.1-inch Color Touchscreen |
| **Хард диск** | Минимум 128GB SSD | 128 GB SSD; |
| **Поврзување** | Минимум 1x USB, 1x Gigabit Network | 10/100/1000Base-T Ethernet, High-Speed USB 2.0 direct print, NFC |
| **Време на печатење на прв лист** | Максимум 3.5 секунди | 3.20 seconds |
| **Време на копирање на прв лист** | Максимум 4 секунди | 3.70 seconds |
| **Резолуција на печатење** | Минимум 1200x2400 dpi | Print Resolution: Up to 1200 x 2400 dpi |
| **Резолуција на копирање** | Минимум 600x600 dpi | Copy Resolution: Up to 600 x 600 dpi |
| **Подржани јазици за принтање** | Минимум Adobe PostScript, Adobe PDF, PCL 5c/PCL 6 | Adobe® PostScript® 3™, Adobe® PDF, PCL® 5c/PCL® 6 |
| **Фиоки за хартија** | - Минимум 2x фиоки со капацитет од мининмум 520 листови<br>- Минимум 1x тандем фиока со капацитет од минимум 2000 листови<br>- Минимум 1x bypass фиока со капацитет од 100 листови | - Tray 1: 520 sheets;<br>- Tray 2: 520 sheets;<br>- High Capacity Tandem Tray Module: 2,000 sheets<br>- Bypass Tray: 100 sheets |
| **Двострано печатење, копирање и скенирање** | Автоматско | Automatic |
| **Автоматски додавач на хартија** | Да, минимум 130 листа | Да, 130-sheet capacity |
| **Двострано скенирање (DADF)** | Да | ДА |
| **Подвижно постоље со тркалца** | Да | ДА |
| **Тонер** | Со секој принтер, покрај стартните тонери да се испорачаат и два | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | дополнителни оригинални OEM тонери со минимален капацитет од 52000 страни | |
| **Гаранција** | Минимум 1 година | 1 година |

## 1.3. Печатар А4 формат– количина 10

| **Понуден Печатар А4 формат (марка, тип, модел)** | XEROX B230 | |
|---|---|---|
| | **Барана минимална спецификација** | **Понудена спецификација** |
| Брзина на печатење | Минимум 34 страни во минута | Up to 34 B&W ppm A4 |
| Резолуција на печатење | Минимум 600 x 600 dpi | Print: 600 x 600 dpi, 2400 Image Quality |
| Месечно печатење (Duty Cycle) | Минимум 30000 страни | Up to 30,000 pages/month |
| Формат на Хартија | Минимум A4 | A4 |
| Процесор | Минимум 2 јадра, 1.0Ghz брзина | 1 GHz Dual Core |
| Меморија | Минимум 256 MB меморија | 256 MB |
| Поврзување | Минимум 1x USB, 1x 10/100 Ethernet, 1x Wifi 802.11 b/g/n | Ethernet 10/100 Base TX, Hi-Speed USB 2.0 (Type B), Wireless 802.11b/g/n |
| Време на печатење на прв лист | Максимум 7 секунди | As fast as 6.8 seconds |
| Подржани јазици за принтање | PCL 5/6, PostScript 3 | PCL® 5/6, PostScript® 3 |
| Фиоки за хартија | Минимум 1 касета за картија со капацитет од минимум 250 листови | Up to 250 sheets, |
| Функционалности | Можност за печатење преку мобилен (Apple Air print, Mopria, Chromebook, Wi-Fi Direct) Можност за Duplex печатење | Apple AirPrint, Mopria Print Service, Chromebook, Wi-Fi Direct |
| Тонер | Со секој принтер, покрај стартните тонери да се испорачаат и два дополнителни оригинални OEM тонери со минимален капацитет од 3000 страни | ДА |
| Гаранција | Минимум 1 година | 1 година |

1.4.**Скенер во боја – количина 5**

| **Понуден Скенер во боја (марка, тип, модел)** | **Epson WorkForce DS-530II** | |
|---|---|---|
| | **Барана минимална спецификација** | **Понудена спецификација** |
| **Тип на уред** | Бизнис скенер серија | Epson Business Solutions |
| **Тип на скенер** | Sheet-fed, duplex, one-pass скенер во боја | Type Sheet-fed, one-pass duplex color scanner |
| **Фотоелектричен уред (тип на сензор)** | CIS (Color Contact Image Sensor) или еквивалентно | Sensor Type Color Contact Image Sensor (CIS) |
| **Извор на светлина** | 3 – color RGB LED или еквивалентно | Light Source 3-color RGB LED |
| **Подржана резолуција на скенирање** | Минимум 600 dpi Hardware<br>Минимум 1200 Dpi Interpolated (Digital) | Maximum Hardware Resolution 600 dpi<br>Maximum Interpolated Resolution 1200 dpi |
| **ADF** | Минимум 50 листа касета за хартија<br>Големина на хартија 8.5 x 240 max 2x2 min<br>Тежина на хартија 27-413 g/m2 | Auto Document Feeder 50 sheets paper<br>Paper Size: 8.5" x 240" max., 2" x 2" min.<br>Paper Weight: 27 – 413 g/m2 |
| **Брзина на скенирање** | Минимум 35 ppm / 70 ipm | Scan Speed (letter-size)1<br>35 ppm/70 ipm: 300 dpi Black & White, Color, Gray |
| **Поврзување** | Минимум 1x USB 3.0 | Connectivity SuperSpeed USB 3.0 |
| **Дневно скенирање (Daily Duty Cycle)** | Минимум 4000 sheets | Daily Duty Cycle2 4,000 sheets |
| **Потрошен материјал** | Roller kit со капацитет од минимум 200000 циклуси | Consumables Roller assembly kit: 200,000 cycles |
| **Подржани оперативни системи** | Windows 10, Win 8/8.1, Windows 7, Mac OS 10.10.x-10.15.x | Windows® 10, Windows 8/8.1, Windows 7<br>Mac® OS X® 10.10.x – macOS® 10.15.x |
| **Гаранција** | Минимум 1 година | 1 година |

****Понудувачот задолжително ги пополнува сите полиња во делот „понуден печатар/скенер" и „понудена спецификација" во спротивно понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива.

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака за набавката утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

| 1 | 2 | 3 | 4 | 7 |
|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3x4) |
| Мултифункциски печатар А3 формат во боја | парче | 2 | 321.160,00 | 642.320,00 |
| Мултифункциски печатар А3 формат црно-бел | парче | 2 | 249.240,00 | 498.480,00 |
| Печатар А4 формат | парче | 10 | 17.980,00 | 179.800,00 |
| Скенер во боја | парче | 5 | 27.900,00 | 139.500,00 |
| | | | ВКУПНО | 1.460.100,00 |

Во цената се вклучени сите патни и дневни трошоци за испораката и монтажата на опремата.

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **1.460.100,00** *[со бројки]* **(еден милион четиристотини шеесет илјади и сто)** *[со букви]* **денари.** Вкупниот износ на ДДВ изнесува **73.005,00 денари.**

**Рокот за испорака и монтажа изнесува максимум 30 денови по прием на порачка.**

III. 2. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.
Нашата понуда е со важност од 120 дена сметано од датумот утврден како краен рок за поднесување на понуди.

IV.ПРИЛОЗИ

- Образец на понуда (Прилог 1)
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 2).
- Документи за докажување на способност или Изјава за докажување на способноста (Прилог 3).
- Изјава за докажување на способноста

Со поднесувањето на оваа понуда, изјавуваме дека во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со Законот за јавните набавки.

Место и датум

Скопје, 24.11.2022

Одговорно лице
Александар Соколов

Aleksandar Sokolov
Digitally signed by Aleksandar Sokolov
Date: 2022.11.25 13:58:43 +01'0

(потпис*)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице